Уп. бр. 08-92

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Фронтиер Груп со регистрирано седиште на Ле Грелелеи 5, 2600 Антверпен, Белгија, преку Адвокатско друштво Ќоку и Партнери од Скопје, на седницата одржана на ден 16.06.2026 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Фронтиер Груп со регистрирано седиште на Ле Грелелеи 5, 2600 Антверпен, Белгија ќе стекне самостојна контрола над друштвото Феранти Компјутер Системс со регистрирано седиште на Ромејнсвел 7, 2030 Антверпен Белгија., преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 21.05.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од Фронтиер Груп со регистрирано седиште на Ле Грелелеи 5, 2600 Антверпен, Белгија, со која Фронтиер Груп ќе стекне самостојна контрола над друштвото Феранти Компјутер Системс со регистрирано седиште на Ромејнсвел 7, 2030 Антверпен Белгија.
Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Фронтиер Груп е неодамна основано, зависно друштво во целосна сопственост на Меин Капитал VIII Кооператиф У.А., фонд управуван од Меин Капитал Партнерс друштво со приватен капитал кое врши инвестициски и управувачки активности насочени кон претпријатија од областа на деловен софтвер и ИТ услуги низ Европа и САД, вклучително и стекнување, стратешки развој и надзор над портфолио друштвата преку регулирани инвестициски фондови. Меин Капитал работи исклучиво како инвеститор со приватен капитал и секое локално управување со деловниот потфат се врши, доколку е применливо, од самите портфолио друштва.
Меин Капитал нема директни инвестиции во портфолио друштва во Република Северна Македонија и според неговите најдобри сознанија, нема ниту индиректни инвестиции во македонски правни субјекти преку нивните повеќе од 60 портфолио друштва на светско ниво. Соодветно на тоа, Меин Капитал не остварува приходи во Република Северна Македонија, ниту пак врши било какви продажби на македонскиот пазар.

Феранти, член на Нијкерк Груп (Nijkerk Group) од 1994 година, било основано во 1976 година во Антверпен, Белгија. Феранти врши дејност на светско ниво во областа на дигитална трансформација, софтверско инженерство, електроинсталации во индустриски постројки и трговија на големо со информатичка и комуникациска опрема. Нивниот главен производ е MECOMS 365, интегрирана платформа за деловни апликации, наменета за енергетски и друштва од комуналниот сектор на светско ниво, која ги опфаќа следните процеси: управување со корисничко искуство (омниканален пристап и самоуслужување); систем за управување со кориснички информации (договори и фактурирање); управување со податоци од мерни уреди (паметни и рачни мерења); теренски услуги (управување со средства/опрема) и финансии и операции (управување со деловното работење).
Во Република Северна Македонија, Феранти има едно зависно друштво во целосна сопственост – Друштво за услуги од областа на информатичката технологија МЕКОМС ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. „Македонија“ бр. 11А Скопје – Центар со матичен број 7359624 и регистрирана претежна дејност 62.100 – Компјутерско програмирање . МЕКОМС ДООЕЛ Скопје целокупниот приход го остварува преку фактурирање кон неговото владејачко друштво.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**